(https://www.brif.mk)

# ЗНМ, ССНМ, СЕММ и МИМ со реакција на соопштението на „БРАКО“

Македонија (https://www.brif.mk/category/makedonija/) | 19/08/2023 | 18:48



(https://www.brif.mk/wp-content/uploads/2016/08/medium.jpg)

**Сè е онлајн! Заштедуваш време!**

Аплицирај до 200.000 ден. онлајн без посета на филијали. Само со неколку клика!

„Новинарските и медиумски здруженија најостро ги осудуваат грубите навреди и дисквалификации кон новинарите на ИРЛ во денешното соопштение до медиумите на компанијата „Брако”, а во врска со најновата епизода на

Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ) насловена како „Убиство во Тетово“.

Авторот на ова соопштение, наместо да и образложи на јавноста, односно да демантира поединечни тези од емисијата, и да даде одговори за сериозните обвинувања, за кои има и тековни постапки на истражните органи, прави обид за цензура. Според тонот на соопштението, очигледно е дека целта е јавна дискредитација на критичките новинари и создавање култура на страв при спомнување на економски моќни компании:

„…монструозни идеи на групата ИРЛ, која со последната лажна конструкција покажа дека е срам за луѓето кои професионално работат во новинарството и дека недвосмислено станува канцер за здравото економско ткиво на државата”, се вели во дел од соопштението.

Ваквиот начин на комуникација недвосмислено претставува притисок кон истражувачкото новинарство и обид за обесхрабрување на сите новинари и медиуми да се интересираат и да истражуваат теми кои се поврзани со корупцијата, владеењето на правото и злоупотребата на позицијата на моќ.

Потсетуваме дека изминатава недела имаше неколку реакции (меѓу кои и од јавното обвинителство) кои се однесуваа на споменатата истражувачка сторија, и сите, наместо укажување или демантирање на објавените информации изобилуваа со дискредитации и навреди што е недозволива јавна комуникација.

Ги повикуваме и медиумите да имаат општествена одговорност, да работат во интерес на јавноста и граѓаните, и да не подлегнуваат на притисоците кои економски моќници ги вршат врз сопствениците на медиумите.

За сево ова, за притисоците врз истражувачките новинари, за обидите за креирање на атмосфера на страв и недоверба кон медиумите, еснафските здруженија од Македонија ќе ги информираат и партнерските здруженија, Меѓународната и Европската федерација на новинари.

Потсетуваме дека доколку било кој граѓанин, вклучително и сопственици на компании или обвинители кои имаат некаков проблем со медиумска објава од било кој медиум, постојат законски механизми за заштита, како што е барање на исправка или демант. Освен ова на располагање се и медиумските

саморегулативни механизми преку Советот на честа при ЗНМ и Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ)“, стои во реакцијата на ЗНМ, ССНМ, СЕММ и МИМ.

брако, знм, Македонија, реакција, семм



## НАЈНОВИ ВЕСТИ

**(ФОТО) Течат последните подготовки за аеромитингот, едрилицата „Илинденка“ подготвена да ги воодушеви граѓаните (https://www.brif.mk/foto-techat-poslednite-podgotovki-za-aeromitingot-edrilicata-ilindenka-podgotvena-da-gi-voodushevi-graganite/)**

**Овогодишните нобеловци ќе добијат милион шведски круни повеќе (https://www.brif.mk/ovogodishnite-nobelovci-ke-dobijat-milion-shvedski-kruni-poveke/)**

**Средновековни изуми што се користат и денес (https://www.brif.mk/srednovekovni-izumi-shto-se-koristat-i-denes/)**

**МОН: Студентите да ги подигнат наменските платежни картички за субвенциониран студентски оброк (https://www.brif.mk/mon-studentite-da-gi-podignat-namenskite-platezhni-kartichki-za-subvencioniran-studentski-obrok/)**

**Воени авиони и специјални гости од странство на аеромитингот за 100 години Македонска авијација (https://www.brif.mk/voeni-avioni-i-specijalni-gosti-od-stranstvo-na-aeromitingot-za-100-godini-makedonska-avijacija/)**

## НАЈЧИТАНИ ВЕСТИ

1. Скопска свадба на векот: Боби Фарел од светски познатиот бенд „Бони М“ се оженил во Скопје (https://www.brif.mk/skopska-svadba-na-vekot-bobi-ferel-od-svetski-poznatiot-bend-boni-m-se-ozhenil-vo-skopje/)
2. (ВИДЕО) Изјава на премиерот Ковачевски (https://www.brif.mk/video-izjava-na-premierot-kovachevski/)
3. (ВИДЕО) Хит на интернет: Неочекуван потег на Ким Џонг – ун на средбата со Путин покажува дека не му верува на домаќинот (https://www.brif.mk/video-hit-na-internet-neochekuvan-poteg-na-kim-dhong-un-na-sredbata-so-putin-pokazhuva-deka-ne-mu-veruva-na-domakinot/)
4. (ВИДЕО) Неочекувано однесување на астероидот, чија траекторија беше сменета од НАСА (https://www.brif.mk/video-neochekuvano-odnesuvanje-na-asteroidot-chija-traektorija-beshe-smeneta-od-nasa/)
5. (ВИДЕО) Пробен лет на такси-летало во Ерусалим (https://www.brif.mk/video-proben-let-na-taksi-letalo-vo-erusalim/)

## НАЈНОВО ОД МАКЕДОНИЈА

**(ФОТО) Течат последните подготовки за аеромитингот, едрилицата „Илинденка“ подготвена да ги воодушеви граѓаните (https://www.brif.mk/foto-techat-poslednite-podgotovki-za-aeromitingot-edrilicata-ilindenka-podgotvena-da-gi-voodushevi-graganite/)**

**МОН: Студентите да ги подигнат наменските платежни картички за субвенциониран студентски оброк (https://www.brif.mk/mon-studentite-da-gi-podignat-namenskite-platezhni-kartichki-za-subvencioniran-studentski-obrok/)**

**Воени авиони и специјални гости од странство на аеромитингот за 100 години Македонска авијација (https://www.brif.mk/voeni-avioni-i-specijalni-gosti-od-stranstvo-na-aeromitingot-za-100-godini-makedonska-avijacija/)**

**Состојбите во земјоделството тема на трибината од кампањата „Ние сме Европа“ во Прилеп (https://www.brif.mk/sostojbite-vo-zemjodelstvoto-tema-na-tribinata-od-kampanata-nie-sme-evropa-vo-prilep/)**

**Ковачевски, Бесими и Хан го отвораат третиот Скопски економски и финансиски форум (https://www.brif.mk/kovachevski-besimi-i-han-go-otvoraat-tretiot-skopski-**




(https://www.brif.mk/ads/alkaloid/)



(https://www.brif.mk/ads/mia-baner/)

(https://www.brif.mk/ads/unet-baner-sidebar/)

(https://www.brif.mk)

**За нас** ● **Импресум** ● **Маркетинг** ● **Услови за користење** ● **Контакт**

„Бриф“ е интернет-медиум кој ве информира за настаните во Македонија и во светот навремено и проверено, преку текстови, фотографии, видео и аудио снимки.

© 2023 | БАБИНСКИ ДООЕЛ Скопје | Сите права се задржани.

(https://promedia.mk/)